ПОЧИТУВАНИ...

НА КРАЈОТ СМЕ НА УШТЕ ЕДНА ГОДИНА, КОГА ВООБИЧАЕНО СЕ НАВРАЌАМЕ НА ПРЕДИЗВИЦИТЕ, ЗАЛОЖБИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ СО КОИ СМЕ СЕ СООЧИЛЕ ВО ИЗМИНАТИОТ ГОДИШЕН ПЕРИОД И КОГА ГО ПРАВИМЕ ЗАВРШНИОТ БИЛАНС ЗА ПОСТИГАЊАТА, РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ГОДИШНИТЕ ПРОГРАМИ, НО И ЗАЦРТАНИ ПЛАНОВИ И РАЗВОЈНИ ПРОЕКЦИИ ЗА НАРЕДНАТА ГОДИНА.
ВРЕМЕ КОГА РАМИСЛУВАМЕ И ЗБОРУВАМЕ ЗА ЛИЧНИТЕ И ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ УСПЕСИ И НЕУСПЕСИ И ПРАВИМЕ СТРАТЕГИЈА КАКО ПОУСПЕШНО И ПОПРОДУКТИВНО ДА РАБОТИМЕ НАРЕДНАТА ГОДИНА.

ОНА ШТО МОЖАМ ДА ГО КАЖАМ Е ДЕКА И ОВАА 2011 ГОДИНА ОПШТИНАТА РАБОТЕШЕ ПОСВЕТЕНО И СО МАКСИМАЛНО АНГАЖИРАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ И НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ. ТОА, ПАК, РЕЗУЛТИРАШЕ СО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ ПРОЕКТИ И ПРИДОБИВКИ, ПОНАТАМОШНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И РАЦИОНАЛНИ РЕШЕНИЈА ЗА ОДРЕДЕНИ ПРИОРИТЕТИ. МОЖЕ ДА ЗАКЛУЧИМЕ ДЕКА ОД ГОДИНА ВО ГОДИНА ГИ ЗГОЛЕМУВАМЕ РЕСУРСИТЕ НА КРИВА ПАЛАНКА, КОЈА ВЕЌЕ СЕ ЕТАБЛИРА КАКО ЕДНА ОД СТАБИЛНИТЕ ОПШТИНИ ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН, КОЈА Е ВО ЧЕКОР СО СОВРЕМЕНИТЕ ЕВРОПСКИ ТРЕНДОВИ И СЕ ПОВЕЌЕ ГИ ПРИМЕНУВА ЕВРОПСКИТЕ СТАНДАРДИ ВО СВОЕТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ.

ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ СЕКАКО Е ПРИОРИТЕТ БРОЈ ЕДЕН ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ И НАЈРЕЛЕВАНТЕН ПОКАЗАТЕЛ ЗА СОСТОЈБАТА НА ОПШТИНАТА. НО, ИМАЈКИ ГИ В ПРЕДВИД СИТЕ КОНСТЕЛАЦИИ ВО СВЕТОТ, ВО ДРЖАВАТА И ВО РЕГИОНОТ, ГОДИНАВА ЗА НАС НАЈВАЖНО БЕШЕ ДА ЈА ЗАДРЖИМЕ ЕКОНОМСКАТА СТАБИЛНОСТ, ВО ШТО СМЕТАМ ДЕКА И УСПЕАВМЕ. ВО ЕДЕН ИСКЛУЧИТЕЛНО КОМПЛЕКСЕН ПЕРИОД, КОГА МНОГУ ОПШТИНИ СЕ СООЧУВААТ СО ФИНАНСИСКИ ПОТЕШКОТИИ И БЛОКИРАНИ СМЕТКИ, КАКО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА НЕ ДОЗВОЛИВМЕ ДА ПРОДУЦИРАМЕ НОВИ ДОЛГОВИ И ДА ПРОПАЃАМЕ ВО СЕ ПОГОЛЕМИ ЗАДОЛЖУВАЊА. СЕКАКО, И НИЕ СМЕ СО ОГРАНИЧЕНИ ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ, НО УСПЕАВМЕ ОПШТИНСКИОТ ДОЛГ ДА ГО ЗАДРЖИМЕ НА ИСТО НИВО КОЕ ГО ЗАТЕКНАВ, ДУРИ И ЗА ОДРЕДЕНА СУМА ДА ГО НАМАЛИМЕ, А ОД ДРУГА СТРАНА И ДА ЕФЕКТУИРАМЕ ОДНОСНО ДА РЕАЛИЗИРАМЕ НОВИ ПРОЕКТИ ЗНАЧАЈНИ ЗА ОПШТИНАТА И КОИ СЕ ОД ОПШТ И ЈАВЕН ИНТЕРЕС ЗА ГРАЃАНИТЕ.

ГОДИНАВА, КОНЕЧНО Е ОТВОРЕН ДОЛГОНАЈАВУВАНИОТ ГРАНИЧЕН ПРЕМИН ГОЛЕШ-ГОЛЕМА ЦРЦОРИЈА СО КОЈ СЕ РЕШИ ПРОБЛЕМОТ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ПОГРАНИЧНИЧНОТО ПОДРАЧЈЕ СО СРБИЈА И СЕ ОТВОРИЈА ВРАТИТЕ ЗА ЗАЕДНИЧКИ И УСОГЛАСЕН РАЗВОЈ НА РЕГИОНОТ. ВО ТЕК СЕ И ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА ВО МЕСНОСТА САМАР ВО СЕЛОТО ЛУЌЕ, ЗА ЧИИ РУДНИ РЕЗЕРВИ Е

ЗАИНТЕРЕСИРАНА АВСТРАЛИСКО-МАКЕДОНСКА КОМПАНИЈА, А ДОКОЛКУ СЕ ПОТВРДАТ НИВНИТЕ ПРОЦЕНКИ, ВЛОЖУВАЊЕТО ВО ОВОЈ КАПАЦИТЕТ КЕ БИДЕ ГОЛЕМО. ИМЕНО ТОА ЌЕ БИДЕ НОВ РУДНИК, КОЈ ЌЕ БИДЕ ГОЛЕМА ИНИЦИЈАЛНА КАПИСЛА ЗА НОВИ ВРАБОТУВАЊА И ЕКОНОМСКИ ПОДЕМ НА КРИВА ПАЛАНКА.

НА ОПШТО ЗАДОВОЛСТВО НА СИТЕ, НЕОДАМНА ВО НАШАТА ОПШТИНА БЕА ДОДЕЛЕНИ И КЛУЧЕВИТЕ ЗА НОВИТЕ 46 СОЦИЈАЛНИ СТАНОВИ, СО ШТО ЗА ДЕЛ ОД НАЈЗАГРОЗЕНИТЕ КРИВОПАЛАНЕЧКИ СЕМЕЈСТВА Е РЕШЕНО СТАНБЕНОТО ПРАШАЊЕ.

ГОДИНАВА ЈА ЗАВРШУВАМЕ СО КОМПЛЕТНО ОБНОВЕНИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО КОИ СЕ ВЛОЖЕНИ БЛИЗУ 536 000 ЕВРА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА ПРЕКУ ИПА ПРОГРАМАТА, А ОПШТИНАТА УЧЕСТВУВАШЕ СО 10 000 ЕВРА. СО ОВИЕ СРЕДСТВА СЕ НАПРАВИ РЕНОВИРАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА ООУ "ЈОАКИМ КРЧОВСКИ" И "ИЛИНДЕН" ВО ГРАДОТ И ВО СЕЛО КОНОПНИЦА ОБЕЗБЕДЕНИ СЕ НАЈСОВРЕМЕНИ СТАНДАРДИ ЗА КВАЛИТЕТНА НАСТАВА . КОНЕЧНО И "ПАРТИЗАН" ДОБИЈА ПАРНО ГРЕЕЊЕ, НОВА КРОВНА КОНСТРУКЦИЈА И НОВА СТОЛАРИЈА. ВО ОВАА ПРИЛИКА САКАМ ДА ИСКАЖАМ И ПОСЕБНА БЛАГОДАРНОСТ КОН МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ КОЕ ОДВОИ СРЕДСТВА ЗА ВНАТРЕШНИОТ ПРОСТОР ВО ПАРТИЗАН ДА СЕ НАПРАВИ УЧИЛИШНА САЛА. ИМЕНО ОД НЕИСКОРИСТЕНИОТ АТРИУМ НАПРАВИВМЕ ПРЕКРАСЕН ПРОСТОР, АДАПТИРАН КАКО СПОРТСКА САЛА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВАТА НА УЧЕНИЦИТЕ КАКО И АКТИВНОСТИ НА ПОВЕЌЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ ОД ГРАДОТ, КОИ ПОСТОЈАНО НИ ВОЗВРАЌААТ СО НОВИ УСПЕСИ ОСВОЈУВАЈЌИ РАЗНИ МЕДАЛИ, СО ШТО ЈА ПРОМОВИРААТ НАШАТА ОПШТИНА.

ИЗМИНАТАТА ГОДИНА ВО ОДНОС НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА УСПЕАВМЕ ДА ГИ АСФАЛТИРАМЕ УЛИЦИТЕ ПЕРЕ ТОШЕВ ВО НАСЕЛБА БЕЛЕВО И УЛИЦАТА.............................ВО НАСЕЛБА БЕГОВИ БАВЧИ, КАКО И ДА ГО АСФАЛТИРАМЕ ВТОРИОТ СЛОЈ НА СПОРЕДНИОТ КРАК НА УЛ. СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ, КАДЕ ШТО ПОСТАВИМЕ БЕХАТОН ПЛОЧКИ НА ТРОТОАРИТЕ ПОКРАЈ ОВАА УЛИЦА.. ВО ОВОЈ КОНТЕКС УСПЕАВМЕ ДА РЕШИМЕ СО ПЕСОЧНИ НАСИПУВАЊА ПОВЕЌЕ КРИТИЧНИ ДЕЛНИЦИ ВО ПОВЕЌЕ НАСЕЛБИ И СЕЛА, КОИ БЕА ТЕШКО ПРООДНИ ИЛИ ПАК ВООПШТО НЕМАШЕ ПРИСТАП И КОМУНИКАЦИЈА. ВО ОВАА ПРИЛИКА ПОСЕБНО БИ ГО ИСТАКНАЛ И ПОЧЕТОКОТ НА ИЗГРАДБАТА НА ПАТНИОТ ПРАВЕЦ КОН СЕЛОТО СТАНЦИ ВО ДОЛЖИНА ОД 4,5 КМ. ВО МОМЕНТОТ СЕ ДОВРШУВААТ ЗЕМЈАНИТЕ РАБОТИ, А НА ПРОЛЕТ КЕ СЕ АСФАЛТИРА ОВАА ДЕЛНИЦА. СО ОВА СЕ РЕШАВА НЕ САМО КОМУНИКАЦИСКАТА ВРСКА ЗА ЖИТЕЛИТЕ, КОЈА БЕШЕ ВИДНО НАРУШЕНА ПОРАДИ ГОЛЕМИТЕ ОШТЕТУВАЊА НА ПАТОТ, ТУКУ И СЕ ОБЕЗБЕДУВА СООДВЕТЕН ПРИСТАП ДО НОВИОТ ВОДОЗАФАТ НА СТАНЕЧКА РЕКА.

СО СТАВАЊЕ НА НОВИОТ ЦЕВКОВОД ВО ФУНКЦИЈА, ЗА КОЈ ВЕЌЕ ГИ ИЗВРШИВМЕ ПРОБНИТЕ ТЕСТИРАЊА И ИСПИТУВАЊА ПОД ПРИТИСОК, КЕ ГО НАДМИНЕМЕ НА НЕКОЈ НАЧИН НЕДОСТИГОТ ОД ВОДА ЗА ПИЕЊЕ. ОВОЈ ВОДОВОДЕН СИСТЕМ СПОРЕД НАШИТЕ ПРОГНОЗИ БИ ТРЕБАЛО ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА НАРЕДНАТА ГОДИНА ДА БИДЕ СТАВЕН ВО ФУНКЦИЈА И СО ТОА ГО РЕШАВАМЕ И ПРОБЛЕМОТ СО ВОДОСНАБДУВАЊЕТО.

ГОДИНАВА ЈА ОДБЕЛЕЖУВАМЕ И СО ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ЕДЕН ОД НАЈПРИОРИТЕТНИТЕ ПОТРЕБИ НА УРБАНИОТ РАЗВОЈ, ЗАРАДИ КОЈ СО ГОДИНИ НАШИТЕ ГРАЃАНИ, НЕ ПО СВОЈА ВИНА, БЕА ОБЕСПРАВЕНИ И ПЛАТИЈА ПРЕВИСОКА ЦЕНА. ОВОЈ ПРОЦЕС БАРА ПОДОЛГ ПЕРИОД ЗА ФИНАЛНО ЗАОКРУЖУВАЊЕ, НО НАЈВАЖНО Е ШТО СЕ СОЗДАДЕНИ УСЛОВИ ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА НЕГОВА РЕАЛИЗАЦИЈА. ИМЕНО УСПЕАВМЕ ДА ОБЕЗБЕДИМЕ 3 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ОД ВЛАДАТА СО КОИ Е ЗАПОЧНАТА ИЗРАБОТКАТА НА НОВИОТ ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА КРИВА ПАЛАНКА. ИСТИОТ Е ВО ЗАВРШНА ФАЗА А ИДНАТА ГОДИНА ЌЕ СЕ НАСОЧИМЕ КОН ИЗРАБОТКА И НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОНИЕ МЕСТА КАДЕ ПРВО Е НЕОПХОДНО.

ЗНАЧАЈНА ИНВЕСТИЦИЈА, КОЈА Е ВО ТЕК НА РЕАЛИЗАЦИЈА Е И ИЗГРАДБАТА НА СПОРТСКИОТ КОМПЛЕКС. КРИВА ПАЛАНКА ДОБИ ПРЕКРАСНО ТЕНИСКОТО ИГРАЛИШТЕ КОЕ ВЕЌЕ Е ИЗГРАДЕНО, А МОМЕНТАЛНО СЕ РАБОТИ НА ИЗГРАДБАТА НА СПОРТСКАТА САЛА И ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ИГРАЛИШТЕ. СО ОВА КОНЕЧНО И НАШАТА ОПШТИНА ЌЕ ДОБИЕ МОДЕРНИ СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈОТ НА СПОРТОТ И ЗДРАВАТА МЛАДА ГЕНЕРАЦИЈА. ОВА БЕШЕ РЕАЛНА ПОТРЕБА НА МЛАДИТЕ ГЕНЕРАЦИИ ОД ОПШТИНАТА, ЗА НАШИТЕ МЛАДИ СПОРТИСТИ ОД ОПШТИНСКИТЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ. СПОРТИСТИТЕ СЕ НАШИ НАЈГОЛЕМИ АМБАСАДОРИ И НИВ ТРЕБА ДА ГИ ПОМАГАМЕ, ЗАТОА ШТО ТИЕ ЗА ВОЗВРАТ И ДОКАЖАА ДЕКА ПОМОШТА ЈА ОПРАВДУВААТ. ВО КОНТЕКС НА ОВА, ОВАА ГОДИНА НАПРАВИВМЕ ЕДЕН НЕСЕКОЈДНЕВЕН ЧИН. ВО СОРАБОТКА СО КОМПАНИЈАТА "ИНДО МИНЕРАЛИ И МЕТАЛИ", ОБЕЗБЕДИВМЕ И СПОРТСКА ОПРЕМА ЗА СИТЕ РЕГИСТРИРАНИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ ОД КРИВА ПАЛАНКА ЗА НИВЕН ДОСТОЕН, РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН И ПРЕПОЗНАТЛИВ НАСТАП НА ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРУВАЊА. ВАКВО НЕШТО ДОСЕГА СЕ НЕМА СЛУЧЕНО ВО НАШАТА ОПШТИНА.

ВО ФУНКЦИЈА НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ, ПРЕКУ ИНФРАСТРУКТУРНАТА ИЗГРАДБА ВО ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ И КУЛТУРАТА, ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ И НА ТРИ ПРЕКУГРАНИЧНИ ПРОЕКТИ , ФИНАНСИРАНИ ОД ИПА ПРОГРАМАТА, ОД КАДЕ СЕ ЕФЕКТУИРАНИ НОВИ НАД 400 000 ЕВРА.

1. СО ПРОЕКТОТ "ПОД ЕДНО НЕБО", ОД ЗАПУШТЕНИОТ И НЕДОСТАПЕН ЛОКАЛИТЕТ НА ИСПОНИЦАТА НА НАШИОТ

ЗАШТИТНИК "СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ" ВО СЕЛО ГРАДЕЦ, СОЗДАВАМЕ ГРАНДИОЗЕН ТУРИСТИЧКИ КОМПЛЕКС ОД КОЈ ОЧЕКУВАМЕ ВИСТИНСКИ ТУРИСТИЧКИ БУМ.

2. СО ПРОЕКТОТ "ТУРИЗАМ БЕЗ ГРАНИЦИ" ЈА НАДОПОЛНУВАМЕ ТУРИСТИЧКАТА ПРОМОЦИЈА ЗА ЗНАМЕНИТОСТИТЕ И ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ ВО РЕГИОНОТ ПРЕКУ НАЈСОВРЕМЕНИ ИНФО ПОРТАЛИ,
3. А СО ПРОЕКТОТ "КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО-МОСТ КОН ЗАЕДНИЧКА ИДНИНА" ОФОРМУВАМЕ И ОПРЕМУВАМЕ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРНО И ИСТОРИСКО НАСЛЕДСТВО И ПАРТЕРНО ОПРЕМУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ КАЈ ЗГРАДАТА НА АРМ.

КОГА СМЕ КАЈ КУЛТУРАТА, НАША ПОСЕБНА ГОРДОСТ Е ШТО 2011 ГОДИНА ЌЕ БИДЕ ЗАПАМЕТЕНА КАКО ГОДИНА КОГА КРИВА ПАЛАНКА ДОБИ СОПСТВЕН ГРАДСКИ МУЗЕЈ. СО ТОА ЗАВРШИ АГОНИЈАТА НА ЗАЧУВУВАЊЕ НА КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИОТ ИДЕНТИТЕТ И ЗНАЧАЈНИТЕ АРТЕФАКТИ НА ДОЛГОДОДИШНАТА КРИВОПАЛАНЕЧКА ТРАДИЦИЈА, А НАШАТА ОПШТИНА СТАНА ПРЕПОЗНАТЛИВА ВО ЗЕМЈАТА ПО САМОФОРМИРАЊЕТО НА ЛОКАЛНА ИСТИТУЦИЈА ОД ОВОЈ ВИД.

ГОДИНАВА, ПРОДОЛЖИ И ПОДЕМОТ НАКУЛТУРНОТО ЛЕТО КАКО И ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ МЕЃУНАРОДНИ КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ -ФОЛКЛОРНИОТ И ТЕАТАРСКИОТ ФЕСТИВАЛ, КОИ ДОБИВААТ СВОЕ МЕСТО ВО КУЛТУРНАТА МАПА ВО РЕГИОНОТ И ЗА КОИ ПОСТОИ СЕ ПОГОЛЕМ ИНТЕРЕС КАЈ ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КУЛТУРНИ ИНСТИТУЦИИ ОД ЗЕМЈАВА И СТРАНСТВО.

ВЛОЖУВАЊАТА ВО КУЛТУРАТА, ПАК, ГОДИНАВА ГИ ЗАОКРУЖИВМЕ СО УШТЕ ЕДЕН УБАВ ПРОЕКТ. ДОНИРАВМЕ 10 ВИОЛИНИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ВИОЛИНСКА СЕКЦИЈА ПРИ ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА КАКО МАЛ ЗАЛОГ ЗА МУЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА МЛАДИТЕ ГЕНЕРАЦИИ И ПРОДОЛЖУВАЊЕТО НА МУЗИЧКАТА ТРАДИЦИЈА, А ПОСЛЕ НЕКОЛКУ ГОДИНИ ОЧЕКУВАМЕ ДЕКА ОНА ШТО ЌЕ НИ ГО ПОНУДАТ МЛАДИТЕ ТАЛЕНТИ ЌЕ БИДЕ МНОГУ ПОСКАПОЦЕНО И ПОВРЕДНО. СМЕТАМ ДЕКА НАШИТЕ ДЕЦА ТОА ЌЕ ГО ОПРАВДААТ И ОД НИВ КЕ ПРОИЗЛЕЗАТ УШТЕ НЕКОЛКУ КРИВОПАЛАНЕЧКИ МУЗИЧКИ ГОРДОСТИ.

.

ВО АНАЛИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ОВАА ГОДИНА ЌЕ БИДЕ ОДБЕЛЕЖАНА И СО ПЛОДНАТА СОРАБОТКА И НОВИТЕ ЕВРОПСКИ ПАРТНЕРИ СО КОИ НАШАТА ОПШТИНА СЕ ЗБРАТИМИ. ПОКРАЈ ДУПНИЦА, БАНСКО, И ВРШАЦ ПОТПИШАВМЕ МЕМОРАНДУМИ ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ И СО МЛАВА ОД ПОЛСКА И ЛУГОЖ ОД РОМАНИЈА, А ПОСЕБНО СМЕ ГОРДИ ШТО КАКО ПРВА ОПШТИНА ОД БАЛКАНОТ , МАКЕДОНСКОТО ЗНАМЕ ГО РАЗВИОРИВМЕ ВО БЕЛГИЈА ЗАЕДНО СО ЗНАМЕТО НА ЕУ И НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЕВРОПСКОТО СЕМЕЈСТВО, БЛАГОДАРЕНИЕ НА НАШЕТО ЗБРАТИМУВАЊЕ СО БЕЛГИСКАТА ОПШТИНА САМБЕРВИЛ.

ГОДИНАВА БЕЛЕЖИМЕ ГОЛЕМ НАПРЕДОК И ВО ТРАНСПАРЕНТНОТО, ОДГОВОРНО И ОТЧЕТНО РАБОТЕЊЕ ЗА ШТО ДОБИВМЕ ПРИЗНАНИЈА ОД ПОВЕЌЕ ИНСТИТУЦИИ КАКО ЕДНА ОД НАЈТРАНСПАРЕНТНИТЕ ОПШТИНИ, ОСОБЕНО ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН

ОВАА ГОДИНА СПРОВЕДОВМЕ И ЕДНА НОВА ФОРМА НА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ, СО ПОМОШ НА ПРОГРАМАТА ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦАТА, ЧИЈА ОСНОВНА ЦЕЛ Е ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО ВО ДОНЕСУВАЊЕТО НА ОДЛУКИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО. ПРЕКУ ФОРУМСКИОТ ПРОЦЕС, ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРВПАТ ДОБИЈА МОЖНОСТ САМИ ДА ОДЛУЧУВААТ ЗА ПРИОРИТЕТИТЕ И РЕШЕНИЈАТА ЗА ПРОБЛЕМИТЕ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ И ДИРЕКТНО ДА УЧЕСТВУВААТ ВО НИВНИОТ ИЗБОР И РЕАЛИЗАЦИЈА. ИМЕНО ГРАЃАНИТЕ НА НАШАТА ОПШТИНА АКТИВНО УЧЕСТВУВАА НА ПЕТТЕ ФОРУМСКИ СЕСИИ ТАРГЕТИРАА КОЈ ПРОЕКТ Е ПРИОРИТЕТЕН И ОДЛУЧИЈА ДЕКА ПРИОРИТЕТЕН ПРОЕКТ КОЈ ТРЕБА ДА СЕ НАПРАВИ ВО НАШАТА ОПШТИНА Е ДОУРЕДУВАЊЕ И ДОВРШУВАЊЕ НА УЛИЦАТА СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ. ВО ОВАА ПРИЛИКА, САКАМ ДА ИМ СЕ ЗАБЛАГОДАРАМ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА НИВНОТО МАСОВНО УЧЕСТВО И МАКСИМАЛНА АНГАЖИРАНОСТ ВО ИЗРАБОТКАТА НА ПРОЕКТИТЕ НА ДОБРОВОЛНА ОСНОВА. НИВНИОТ ГЛАС БЕШЕ ОДЛУЧУВАЧКИ ЗА ИЗБОРОТ НА ОВОЈ ПРОЕКТ. ЗА НЕГО СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ 2,8 МИЛИОНИ ДЕНАРИ СО ПОДЕДНАКВО УЧЕСТВО ОД ШВАЈЦАРСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И СОРАБОТКА И ОД ОПШТИНАТА КРИВА ПАЛАНКА , КОЈА ПАК ЌЕ ГО ДОФИНАНСИРА ОСТАТОКОТ ОД СРЕДСТВАТА КОИ СЕ НАД ЛИМИТОТ. ТУКА САКАМ ДА НАГЛАСАМ ДЕКА КАКО ПЛОД НА ОВАА РАБОТА НА ГРУПИТЕ УШТЕ ПОЗНАЧАЈНО Е И ДОБИЕНАТА ЛИСТА СО ПРЕПОРАКИ ЗА НАЈГОРЛИВИТЕ ПРОБЛЕМИ НА ГРАЃАНИТЕ ИДЕНТИФИКУВАНИ ОД СТРАНА НА САМИТЕ УЧЕСНИЦИ НА ФОРУМОТ ВО ЗАЕДНИЦАТА. ОВАА ЛИСТА ЗА НАС Е НАЈВАЖНИОТ ПАТОКАЗ ПО КОЈ МОРА ДА СЕ ДВИЖИМЕ ЗА ДА ИМАМЕ ЗАДОВОЛНИ ГРАЃАНИ, КОИ ЌЕ ИМААТ ДОВЕРБА ВО ОПШТИНАТА.

КАКО ПРИОРИТЕТНИ РАБОТИ КОИ ЌЕ ТРЕБА ДА ГИ РЕАЛИЗИРАМЕ ВО ГОДИНАТА ШТО ДОАЃА Е РЕАЛИЗАЦИЈА НА СРЕДСТВАТА ЗА ВОДОВОДНИ И КАНАЛИЗАЦИОНИ СИСТЕМИ ВО ИЗНОС ОД 1.260.000 ЕВРА ДОДЕЛЕНИ ПРЕКУ ЗАЕМОТ НА ЕБРД. СО ОВИЕ СРЕДСТВА ПРВЕНСТВЕНО ЌЕ ГО РЕШИМЕ ВОДОСНАБДУВАЊЕТО НА ЛЕВ И ДЕСЕН БРЕГ ВИСОКА ЗОНА КАКО И ДООПРЕМУВАЊЕ НА ФАБРИКАТА ЗА ВОДА И СРЕДУВАЊЕ НА ТИРОЛСКИОТ СИСТЕМ НА СТАНАЧКА РЕКА И ЗАМЕНА НА АЗБЕСНИТЕ ЦЕВКИ. СО ОВИЕ ПРОЕКТИ ВО НАЈГОЛЕМ ДЕЛ ЌЕ СЕ РЕШИ ВОДОСНАБДУВАЊЕТО ВО НАШИОТ ГРАД, А ОСТАТОКОТ ОД СРЕДСТВАТА ЌЕ СЕ УПОТРЕБАТ УШТЕ ЗА НЕКОЛКУ СЕЛСКИ ВОДОВОДИ.

ПРЕД ОТПОЧНУВАЊЕ Е И ИЗГРАДБАТА НА НОВИОТ АДМИНИСТРАТИВЕНО-ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ, ПО ПАТ НА ЈАВНО

ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО СО КОЈ ОПШТИНАТА, БЕЗ ДА ВЛОЖИ СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА ЌЕ ДОБИЕ НОВИ НАД 450 МЕТРИ КВАДРАТНИ КАНЦЕЛАРИСКИ ПРОСТОР. ПРЕКУ ИСТОТ ЕВРОПСКИ ТРЕНД И ДОКАЖАН МОДЕЛ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЌЕ БИДЕ ПРИМЕНЕТ И ЗА ИЗГРАДБА НА МИНИ ХИДРОЦЕНТРАЛИТЕ НА ЦЕВКОВОДИТЕ НА КРИВА И СТАНЕЧКА РЕКА, ПРЕКУ ЈП КОМУНАЛЕЦ, СО ШТО ЌЕ СЕ РЕАЛИЗРААТ ЗНАЧАЈНИ ПРИХОДИ ВО ОПШТИНСКАТА КАСА ЗА ИДНИ ПРОЕКТИ ОД ИНТЕРЕС НА ЗАЕДНИЦАТА.

ВО 2012 ГОДИНА ПЛАНИРАМЕ ДА ГИ ЗАВРШИМЕ И ПАТНИТЕ ПРАВЦИ СО КОЈ АПЛИЦИРАВМЕ ПРЕКУ ЕВРОПСКАТА БАНКА ВО ВРЕДНОСТ ОД 409000 ЕВРА И ТОА ПАТНИОТ ПРАВЕЦ СКРЉАВА ПРЕКУ ЦОНЕВ РИД ЗА С. МАРТИНИЦА И ПАТНИОТ ПРАВЕЦ КРИВА ПАЛАНКА С. КОНОПНИЦА.

ВО НАРЕДНАТА ГОДИНА ПЛАНИРАМЕ ДА ГИ РЕАЛИЗИРАМЕ И ОНИЕ ПРОЕКТИ КОИ ЌЕ БИДАТ ПОЗИТИВНО ОЦЕНЕТИ ОД ПРЕКУГРАНИЧНАТА СОРАБОТКА СО БУГАРИЈА. ПО ОВОЈ ПОВИК АПЛИЦИРАВМЕ СО 8 ПРОЕКТИ И ИСТИТЕ СЕ ВО ФАЗА НА РАЗГЛЕДУВАЊЕ ВО ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА. КАКО ОПШТИНА АПЛИЦИРАВМЕ И СО УШТЕ НЕКОИ ДРУГИ ПРОЕКТИ ЗА КОИ ЧЕКАМЕ ОДГОВОР БИДЕЈЌО СЕ ВО ФАЗА НА ОЦЕНУВАЊЕ.

ПОЧИТУВАНИ ДАМИ И ГОСПОДА,

И ВО 2012-ТА НЕ ОЧЕКУВА НАПОРНА И МАКОТРПНА РАБОТА ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НОВИТЕ ПРОГРАМИ И ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ. НИ ОСТАНУВА УШТЕ МНОГУ РАБОТА НА ЗАПОЧНАТИТЕ ПРОЕКТИ, ОД КОИ ПОВЕЌЕТО СЕ КАПИТАЛНИ И ОД ОСОБЕНА ВАЖНОСТ ЗА ЦЕЛАТА ОПШТИНА, А ПРОДОЛЖУВАМЕ И СО НОВА РАЗВОЈНА ПОЛИТИКА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВЕЕЊЕ ВО ОПШТИНАТА. ИМАМЕ ОДГОВОРНА ЗАДАЧА ДА ГИ ИСКОРИСТИМЕ СИТЕ РЕСУРСИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ, УРБАНИЗАЦИЈАТА НА ГРАДСКИТЕ И РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА, ДА ЈА СПРЕЧИМЕ МИГРАЦИЈАТА НА МЛАДИТЕ КВАЛИФИЦИРАНИ КАДРИ, ДА ГИ ЗГОЛЕМИМЕ МОЖНОСТИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА. ДА ВЛОЖУВАМЕ ВО РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА СЕЛСКИТЕ НАСЕЛБИ, А ПАРАЛЕЛНО СО ТОА ДА РАБОТИМЕ И НА УРБАНАТА НАДГРАДБА ВО ГРАДОТ КАКО И ПОДРШКАТА НА ПРИВАТНИОТ И ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР.

ДА ПРОДОЛЖИМЕ ПО ЕВРОПСКИОТ ПАТ, СО НОВИТЕ ЕВРОПСКИ ПАРТНЕРИ, И ДА ОСТАНЕМЕ ЛИДЕРИ ВО ПРЕКУГРАНИЧНАТА СОРАБОТКА. КАКО ДОКАЖАНИ ПАРТНЕРИ ПРЕД ЕУ, СО ИЗГРАДЕНИ КАПАЦИТЕТИ ЗА УСПЕШНО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ, ОЧЕКУВАМЕ НОВ ПРИЛИВ НА СРЕДСТВА ПРЕКУ НОВИТЕ 8 АПЛИЦИРАНИ ПРОЕКТИ ОД ПОСЛЕДНИОТ ПОВИК НА ИПА ПРОГРАМАТА. ОЧЕКУВАМЕ И ПОНАТАМОШНА ПОДРШКА ОД ВЛАДИНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, СО ЧИЈА

ПОМОШ ЗАЕДНИЧКИ ЌЕ ПРОДОЛЖИМЕ ДА ЈА ГРАДИМЕ СОПСТВЕНАТА ИДНИНА.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ, СОГРАЃАНИ, СОРАБОТНИЦИ, ГОСТИ...

КАКО ОПШТИНА МОРА ДА ИМАМЕ САМОДОВЕРБА И ДА БИДЕМЕ ЗАДОВОЛНИ ОД СРАБОТЕНОТО ВО ГОДИНАТА ШТО ИЗМИНУВА, НО УСПЕХОТ МОЖЕМЕ ДА ГО ДОСЕГНЕМЕ САМО АКО ВЕРУВАМЕ ДЕКА МОЖЕМЕ УШТЕ ПОДОБРО И УШТЕ ПОУСПЕШНО ДА РАБОТИМЕ, ДЕКА СМЕ СПОСОБНИ ДА ГИ НАДГРАДУВАМЕ СОПСТВЕНИТЕ КАПАЦИТЕТИ, ДА РАЗМИСЛУВАМЕ ДЕКА СЕКОГАШ МОЖЕМЕ ПОВЕЌЕ ДА СРАБОТИМЕ И ПОВЕЌЕ ДА ПОСТИГНЕМЕ. ТОА ГО МОЖЕМЕ СО УПОРНА РАБОТА, СО НОВИ ДОСТИГНУВАЊА И ПРОЕКТИ, А НАЈГОЛЕМОТО ПРИЗНАНИЕ ДА НИ БИДЕ ЗАДОВОЛНИОТ ГРАЃАНИН.

НА КРАЈОТ НА СИТЕ ВИ ПОСАКУВАМ УСПЕШНА, ПЛОДНА И ПРОСПЕРИТЕТНА НОВА 2012 ГОДИНА, СРЕЌНИ И БЕРИКЕТНИ БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ. БИДЕТЕ ВО ДОБРО ЗДРАВЈЕ И ПОЛНИ СО ЉУБОВ, ЕНТУЗИЈАЗАМ И САМОПРЕГОРНА ЖЕЛБА ЗА РАБОТА. НЕКА НЕ ВОДИ СПЛОТЕНОСТА, МИРОЉУБИВОСТА И МИЛОСРДИЕТО ВО ДУШАТА И СРЦЕТО, А РАЗБИРАЊЕТО И УБАВИОТ ЗБОР НЕКА БИДАТ НАШИОТ ГОВОР НА СЕГАШНОСТА, А НЕ НА ИДНИНАТА.

НЕКА ВИ Е СРЕЌНА И БЕРИЌЕТНА НОВАТА 2012 ГОДИНА И НЕКА БОЖИЌНИТЕ ПРАЗНИЦИ ДОНЕСАТ СРЕЌА, РАДОСТ ЉУБОВ И РАЗБИРАЊЕ ВО ВАШИТЕ СЕМЕЈСТВА!

БЛАГОДАРАМ!